ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр.09-838/19 од 04.06 2025 година
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18; и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 14/20; 215/21;99/22 и 208/24) и врз основа на член 50 став 1 алинеја 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 202/24) , Градоначалникот на Општина Бутел донесе:

# О Д Л У К А

**За избор на кандидат за административен службеник во Општина Бутел, по јавен оглас бр.195/2025**

1. За извршител на работно место УПР 01 01 Г02 000 Виш референт- комунален редар во Одделение за инспекциски работи - општински инспекторат **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Христијан Перчинковски.**

2. Именуваниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука, ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација и се доставува до избраниот кандидат.

## О б р а з л о ж е н и е

На барање на Општина Бутел, Агенцијата за администрација на ден 24.04.2025 година објави јавен оглас бр.195/2025 за вработување на 1 административен службеник, на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха.

Со решение број 10-837/3 од 24.04.2025 година формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, Комисијата за селекција спроведе постапка за вработување, утврдена со Записник бр. 10-837/4 од 09.05.2025 година за извршена административна селекција, Записник бр. 10-837/6 од 29.05.2025 година за спроведен испит за административен службеник и Записник бр. 10-837/7 од 30.05.2025 година од спроведена проверка на веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведена постапка, Комисијата за селекција изготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и достави до Градоначалникот на Општина Бутел Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-837/8 од 02.06.2025 година, врз основа на кој се утврди дека за работното место 1 УПР 01 01 Г02 000 Виш референт- комунален редар во Одделение за инспекциски работи - општински инспекторат, го предложи кандидатот **Христијан Перчинковски.**, со вкупно **80.49 освоени бодови** во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 45 став 1 од Законот за административни службеници Градоначалникот на Општина Бутел по разгледување на приложената конечна ранг-листа и доставениот Предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за Администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и на огласна табла на Агенција за Администрација.

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Одделение за управување човечки ресурси
- Архива

Градоначалник на
Општина Бутел
Дарко К[illegible]овски

Изработил:
Алма Џуцевиќ
Контролирал:
Билјана Велковска